Арх. знак 0301
Рок на чување ТРАЈНИ
Потпис

Врз основа на член 21 став (2) од Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија", бр. 83/09), а во врска со член 108 став (4) и (6) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/1, 116/14, 130/2014, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16,120/16 I 127/16), министерката за одбрана, донесе

# *ПРАВИЛНИК*
## *за изменување на Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје*

### *Член 1*

Во Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, Бр. 01-3489/1 од 23.05.2016 година Бр. 01-7144/1 од 09.12.2016 година, членовите од 25 до 29 се менуваат и гласат:

„Член 25

Постапката за спроведување на приемниот испит по математика и англиски јазик се изведува согласно Тест програмата на Академијата. Тестирањата на кандидатите се вршат анонимно со користење на шифра, наместо име и презиме.

Членовите на Конкурсната комисија можат да бидат присутни за време на спроведувањето на приемните испити по математика и англиски.

Член 26

По спроведените примени испити по математика и англиски, Конкурсната комисија изготвува првична ранг листа на кандидати во која влегуваат бројот на поени од средно образование (среден успех), бројот на поени од државната матура (среден успех) и бројот на поени од спроведените примени испити од матерматика и англиски јазик, за секој кандидат.

Член 27

Пред отпочнувањето на проверката на физичката подготвеност се врши утврдување на психофизичката способност на кандидатите. Оваа проверка е со елиминаторен карактер.

Психофизичката способност на кандидатите се утврдува со специјалистички прегледи и оценка од Военолекарската комисија.

Член 28

Психолошките тестирања се вршат во Воено медицинскиот центар, согласно Правилникот за мерилата за оценување на посебната здравствена и физичка способност за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/03 и 5/04).

Психолошките тестирања ги спроведуваат психолози на служба во Армијата и надворешен член од Клиниката за психијатрија.

Спроведувањето на психолошки тестирања се врши во пишана форма, со цел избегнување манипулација при бодувањето и обезбедување на писмен доказ во случаи на вложување на жалба на одлуката за избор до второстепената комисија.

Психолошките тестирања на кандидатите се вршат анонимно со користење на шифра, наместо име и презиме.

Еден член на Конкурсната комсија, определен со решение на министерот за одбрана, присуствува на сите психолошки тестирања.

Член 29

Кандидатите кои успешно ги завршиле психолошките тестирања се упатуваат на проверка на психофизичката способност.

Военолекарската комисија врши утврдување на психофизичката способност согласно Правилникот за мерилата за оценување на посебната здравствена и физичка способност за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/03 и 5/04).

Военолекарската комисија доставува известување (потпишано од членовите на комисијата) за извршените лекарски прегледи на кандидатите до Конкурсната комисија, во рок од еден ден по спроведените прегледи.

Член 30

Постапката за проверка на физичката подготвеност се изведува согласно Тест-програмата дадена во Прилог бр.1 од овој правилник.

Проверката има елиминаторен карактер и во понатамошната постапка нема да се рангираат кандидатите што не ги задоволиле предвидените норми, односно не освоиле најмалку 50% од поените предвидени за секоја дисциплина поединечно, односно вкупно 5 поени од можните 10 поени за сите дисциплини.

При проверката кандидатите треба да имаат документи за утврдување на идентитетот, лична карта или патна исправа.“

Член 2

Од членот 30 до член 66 од Правилникот за условите, критериумите, начинот и постапката за спроведување на конкурс за запишување и избор на кандидати за прв циклус на студии и за стручно оспособување и усовршување на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје, членовите редоследно се менуваат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

*Бр.03 - 4355/1*
*14-08-2017 2017 година*
*Скопје*

*МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА*
*Радмила Шекеринска-Јанковска*

Министерство за одбрана III Скопје

Изработил: Емилија Ралева
Одбрил/согласен. Драган Николиќ